**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**
**СУ-04-75/21-3**
**15.02.2022 година**
**Б И Т О Л А**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА, Петре Србиновски, врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.1/2021, за вработување на судски службеници на неопределено време, за работно место судски соработник - 2 два извршители, по доставениот Предлог на кандидати за вработување со утврдена Ранг - листа на Комисијата за селекција за вработување на судски службеници Су.бр.04-75/21 - 2 од 11.02.2022 година, на ден 15.02.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор за вработување**

За работното место судски соработник - 2 два извршители, се избираат кандидатите:

1. **Ристо Илиоски со шифра бр. 00121СС - 09**
2. **Јованчо Јовановски со шифра бр. 00121СС - 02**

Решение за вработување со избраните кандидати ќе се донесе по конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Апелациониот суд Битола во дневните весници " Вечер" и "Коха" на 16.12.2021 година објави Јавен оглас бр.1/2021 за вработување на судски службеници на неопределено време за работното место судски соработник - 2 два извршители.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеници, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината ... Сл.Весник на РМ бр.236/2018 од 24.12.2018 година, и по спроведеното интервју до Претседателот на Апелациониот суд на 11.02.2022 година , доставен е Предлог со утврдена Конечна Ранг - листа Су.бр.04-75/21 - 2 од 11.02.2022 година.

Со ранг листата за работното место судски соработник Комисијата за селекција за вработување на судски службеници ги предложи кандидатите Ристо Илиоски и Јованчо Јовановски со освоени најмногу бодови после

спроведената постапка.

Претседателот на Апелациониот суд Битола имајќи го во предвид Предлогот на кандидати за вработување со утврдена Ранг - листа од 11.02.2022 година, доставен од Комисијата за селекција за вработување на судски службеници прифати и одлучи за работното место судски соработник - 2 два извршители да бидат избрани кандидатите Ристо Илиоски од Кичево и Јованчо Јовановски од Битола.

Примерок од Одлуката да се достави до избраните кандидати, останатите кандидати кои не се избрани и истата да се објави на интернет страната и на огласна табла на судот.

Предвида на погоре наведеното се одлучи како во изреката на оваа одлука.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

АИ — Петре Србиновски с.р,

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на одлуката за избор преку овој суд до Советот на судска служба при Врховен Суд.